**ПРЕДЛОГ БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА 2023 ГОДИНА**

Буџетот на општина Демир Хисар претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства, потребни за финансирање на надлежностите на општината. Тој се состои од основен буџет, буџет на самофинансирачки активности, буџет на дотации и буџет на донации.
Извори на финансирање на буџетот на општината се сопствени извори на приходи, дотации и трансфери од буџетот на Републиката**.**

Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година е проектиран на вкупен износ од **189.041.800,00 денари**.

Планирани приходи од кои ќе се финансираат расходите на општина Демир Хисар се:

- даночни приходи 18.654.342,00 денари
- неданочни приходи 5.479.000,00 денари
- капитални приходи 2.580.000,00 денари
- приходи од дотации 104.382.000,00 денари
- приходи од трансфери 37.615.658,00 денари
- приходи од донации 16.330.800,00 денари
- домашно задолжување 0,00 денари
- салдо на сметка 4.000.000,00 денари

Приходите на буџетот за 2023 година се планирани согласно трендот на наплата во изминатите години (за сопствените приходи на општината), измените на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 209/18) со кој се утврдени ограничувања при планирањето на сопствените приходи на основниот буџет и склучените договори за трансфер на средства за реализација на конкретни проекти, насоките од Министерството за финансии на РСМ за износите на блок-дотациите и дотациите од ДДВ.

**Даночните приходи** се планираат во износ од 18.654.342,00 денари и нивниот распоред по видови е даден во следниот табеларен приказ:

| **Ред. б.рој** | **ВИД** | **ИЗНОС** |
|---|---|---|
| 1 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | **1.650.000,00** |
| 2 | Даноци на имот | **5.182.342,00** |
| 3 | Даноци од специфични услуги | **10.822.000,00** |
| 4 | Такси на користење или дозволи за вршење дејност | **1.000.000,00** |

**Неданочните приходи** во предлог буџетот на општина Демир Хисар се планирани на вкупен износ од 5.479.000,00 денари. нивната структура е дадена во следната табела:

| Ред. б.рој | ВИД | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Глоби, судски и административни такси | **200.000,00** |
| 2 | Такси и надоместоци | **4.819.000,00** |
| 3 | Други неданочни приходи | **460.000,00** |

**Трансфери и донации** се планирани на вкупен износ од 162.328.458,00 денари и во делот на трансферите доминираат блок дотациите за остварување на надлежностите од образованието, културата и детската заштита во износ од 100.382.000,00 денари, наменска дотација за пожарникарство 4.000.000,00 денари, трансфери од буџетот на РСМ и буџетите на фондовите – 7.730.000,00 денари, дотациите од ДДВ-29.885.658,00 денари и пренесен вишок на приходи (салдо на сметката)-4.000.000,00 денари, 280.800,00 денари донација од УНДП за ангажирање лица за Општинско корисна работа во ЈОУДГ „2ри Септември„ Демир Хисар, 13.000.000,00 денари донација од Европска унија за проектот „Откривање на скриените атракции„ 2.050.000,00 денари донација за СОУ Крсте П. Мисирков од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност во рамките на програмата Еразмус+, краткорочни проекти за мобилност на ученици и вработени во стручно образование и обука, 1.000.000,00 денари планирани приходи од тековни донации на сметка за донација од Дом на културата „Илинден„ Демир Хисар.

**Капитални приходи** се планираат во вкупен износ од 2.580.000,00 денари и во нив најголем дел опфаќаат надоместокот од концесиите за експлоатација на минерални суровини и надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

**ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА 2023 ГОДИНА**

Расходите во буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година се планирани во вкупен износ од **189.041.800,00** денари. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економска класификација како што е дадено во следната табела:

| Ред. б.рој | ВИД | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Плати и надоместоци | **116.150.000,00** |
| 2 | Резерви и недефинирани расходи | **110.000,00** |
| 3 | Стоки и услуги | **35.365.892,00** |
| 4 | Каматни плаќања | **20.000,00** |
| 5 | Субвенции и трансфери | **14.207.000,00** |
| 6 | Социјални бенефиции | **900.000,00** |
| 7 | Капитални расходи | **19.247.908,00** |
| 8 | Отплата на главница | **3.041.000,00** |

Сласно законската регулатива општинскиот буџет во расходниот дел е поделен на тековно-оперативни расходи и капитални расходи.
Во тековно – оперативни расходи спаѓаат: плати и надоместоци за вработените во општината и единките корисници на средства од буџетот на општината (училишта, детска градинка и дом на културата); стоки и услуги; резерви и недефинирани расходи и субвенции и трасфери. Со тековно оперативните расходи се обезбедува редовно и нормално функционирање на општината и единките корисници на средства од буџетот.
Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проектна документација и изградба на инфраструктурни објекти (патишта, водоводи, канализации, спортски објекти, комерцијални објекти, улично осветлување итн.),согласно програмата за комунално уредување која ја донесува советот на општина Демир Хисар.
Расходниот дел на буџетот на општина Демир Хисар се состои од програми и потпрограми преку кои се финансира реализацијата на надлежностите на општината доделени со Законот за локална самоуправа, како што се советот на општината, градоначалникот, општинската администрација, урбанистичкото планирање, култура, образование, спорт и рекреација, заштитата на животната средина, комунални дејности, прекугранична соработка, ТППЕ итн.
Најголеми и најзначајни проекти кои ќе се реализираат со средства предвидени во буџетот за 2023 година се следните:

- Реконструкиција на плато пред Дом на културата „Илинден“ и паркинг пред зграда - 2.000.000,00 ден.
- Доплата за изградба на локален пат до манастир Св.Тома - 1**.100.000,00** ден.
- Реконструкција на улица во Света - 2**.000.000,00** ден.(обезбедени средства од БРР.)
- Подобрување на безбедноста во сообраќајот на регионалниот пат Р1305/улица низ Демир Хисар преку модернизација на јавното осветлување -2.000.000,00ден. (обезбедени средства од БРР)
- Рехабилитација на дел од улица „Маршал Тито„ во Демир Хисар, реконструкција на улица во Прибилци и реконструкција на улица во Слепче - 4.000.000,00 ден.
- Изградба на тротоар по улица „1ви Мај„ Демир Хисар, и реконструкција на улица „11ти Октомври„ Демир Хисар – обезбедени 5.000.000,00 ден. од БРР, сопствено учество од - 633.908,00 ден.
- Реконструкција на водоводни системи - 100.000,00 ден.
- Изградба на дел од фекална канализација во Демир Хисар крак 3 и 3.1 - 1.100.000,00 ден.
- Уредување на детски игралишта во Мургашево, Вардино и Суводол - 3**00.000,00** ден.
- Изработка на техничка документација (Основни проекти, Проекти за инфраструктура, ревизија на проекти) за изградба на улица бр. 1 во Обедник , изградба на мост на река Журешница во Журче, за водоснабдување, за спортски терени итн.) – 780**.000,00** ден.
- Изработка на урбанистичка документација (Урбанистички план за с.Кутретино, Урбанистички план за с.Белче, Урбанистички план за с.Единаковци, Урбанистички план за с.Жван, Урбанистички план за с.Вардино, Урбанистички план за с.Сладуево) – 200.000,00 ден.

Во Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година се планирани и средства за отплата на главнина и камата по долгорочни кредити за изградба на локален пат до манастир Св.Петар во с.Смилево, набавка на 4(четири) минибуси за превоз на ученици во општина Демир Хисар и Реконструкција на улици во Демир Хисар, во вкупен годишен износ од **3.061.000,00** ден. Исто така се планирани средства за исплата на заостанат долг кон ЕЛЕМ по склучена спогодба за долгорочна исплата, во вкупен годишен износ од 1**.200.000,00** ден.

Изработил:
Влатко Станковски, Раководител на одделение за финансиски прашања во општина Демир Хисар